# *СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА ЈАВНОСТА ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА Р.МАКЕДОНИЈА*

## *Аналитички извештај*

*НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ 2006*

III Mak. Brigada bb (Upravna zgrada Rade Koncar), 1000 Skopje MACEDONIA
Tel/fax: ++389(02) 2468447 E-mail: office@brima-gallup.com.mk
Reg.No 4392/99 VAT No. MK 4030999372067

# Содржина:

1. Методолошки извештај
2. Прашалник за телефонска анкета
3. Анализа на резултати од телефонска анкета
4. Анализа на резултати од фокус групи
5. Препораки
6. Табеларен извештај (фреквенции на одговори)

# МЕТОДОЛОШКИ ИЗВЕШТАЈ

Користен е национално репрезентативен случаен примерок на популација на возраст над 18години.

Примерокот беше подготвен користејќи податоци од Државниот Завод за статистика (попис на населението од 2002г.) за популација над 18 години, во однос на структурата на населението според години, пол, образование, видот на населено место, национална припадност, регион и адаптирана според проценки и примарни информации од базата на податоци на истражувачката агенција БРИМА Галлуп во Скопје.

1) Во првата фаза беше одреден бројот на испитаници во секоја од **72** општина во зависност од бројот на население над 18 години, што живее во тие општини.

2) Во втората фаза, по принцип на случаен избор, анкетарите го избираат телефонскиот број ( телефонските именици за секоја општина им беа обезбедени од Брима), а потоа користејќи го методот "следен роденден"(случаен избор) беше дефинирано кој од потенцијалните испитаници ќе биде интервјуиран. Овој метод вклучува имиња, години, пол и роденден на секој член од домаќинството. На тој начин анкетарот го селектира испитаникот , оној кој е полнолетен и има следен роденден од денот на спроведување на анкетата. Откако ќе ја спроведат оваа процедура тие го спроведуваат интервјуто со избраниот испитаник. Доколку тој/таа не е дома или во моментот на јавување не е во можност да одговори анкетарот закажува интервју и се обидува со уште 2 јавувања истото да го спроведе.

Истражувањето беше спроведено на **814** испитаници од кои (невејтингувана база на податоци) **633** беа етнички Македонци и останати, а **181** се етнички Албанци, на возраст 18+.

Истражувањето траеше од **17[ти]** до **20[ти]** Ноември 2006година и беше спроведено од тим од **21** анкетари, од кои **17** Македонци и **4** Македонски Албанци.

На семинар одржан на 17[ти] Ноември пред почетокот на истражувањето анкетарите покрај другото добија инструкции:

- да не ги читаат опциите вНе знаег
- прецизно да ја пополнат демографската секција

20% од сите интервјуа беа проверени со телефонска контрола од страна на супервизорите од Брима.

Вкупниот број на одбивања е **267**, а **390** повици завршија без можност да се оствари контакт или да се заврши интервјуто со испитаникот.

Податоците беа обработени во Скопје, од БРИМА. **5** кодери го извршија внесувањето на податоците, инструирани од БРИМА.

За добивање на резултатите беа користени специфични методи од **СПСС** посебна статистичка софтверска програма, која овозможи квалитетно сумирање и анализа на резултатите со помош на статистички методи. Адекватноста на позицијата на секој одговор е подредена за секое прашање.

БРИМА Скопје, 05.12.2006

**ПРАШАЛНИК**

**M1.** Број на прашалник __ __ __

**M2.** ТЕЛ: __ __ __ __ __ __ __ __ __ __

**M3.** Шифра на анкетарот: __ __ __ __

**M4.** Датум: __ __ __ __

**M5.** Број на општина: __ __

**M6.** Регион __

**Q1. Кои хуманитарни организации ги знаете во Македонија?**

**Q1_1.** ________________

**Q1_2.** ________________

**Q1_3.** ________________

**Q1_9.** 9 Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**АКО НЕ ГО СПОМЕНАЛ ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРАШАЈТЕ**

**Q2. Дали сте слушнале за Црвениот крст на Република Македонија?**

1. Да
2. Не **(ОДИ НА ДЕМОГРАФИЈА)**

**ПРАШАЈ ГИ ИСПИТАНИЦИТЕ КОИ НА Q1 ИЛИ Q2 ОДГОВОРИЛЕ ДЕКА ЗНААТ ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА МАКЕДОНИЈА**

**Q3. Какво е вашето мислење за Црвениот крст на Република Македонија?**

1. Позитивно
2. Неутрално
3. Негативно
9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q4. Која е првата работа што ви доаѓа на ум кога ке слушнете Црвен крст на Република Македонија?**

________________________________

999. Не знае **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q5. Според ваше мислење кои се основните активности на Црвениот крст на Република Македонија?           МОЖНИ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ**

**Q5_1.** 1. Хуманитарна помош
**Q5_2.** 2. Превентивни програми за здравствена заштита (крводарителство и прва помош)
**Q5_3.** 3. Подигање на свесноста за личната безбедност
**Q5_4.** 4. Ширење на знаењата за Црвениот крст и Меѓународното хуманитарно право
**Q5_5.** 5. Работа со млади
**Q5_6.** 6. Програми за подготвеност и дејствување во случај на катастрофи
**Q5_9.** 9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q6. Според ваше мислење на кои луѓе Црвениот крст на Република Македонија најмногу им помага?**
**МОЖНИ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ**

**Q6_1.** 1. Социјални случаи
**Q6_2.** 2. Болни и повредени
**Q6_3.** 3. Бегалци и раселени лица
**Q6_4.** 4. Постари лица
**Q6_5.** 5. Сирачиња и самохрани мајки
**Q6_6.** 6. Хендикепирани лица
**Q6_7.** 7. Жртви на природни катастрофи
**Q6_8.** 8. Друго, запиши______________________
**Q6_9.** 9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q7. Кои од долунаведените работи ги поврзувате (Ве асоцираат) со Црвениот крст на Република Македонија?**
**МОЖНИ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ**

**Q7_1.** 1. Независен
**Q7_2.** 2. Политички
**Q7_3.** 3. Хуманитарен
**Q7_4.** 4. Религиозен
**Q7_5.** 5. Ефикасен
**Q7_6.** 6. Чесен
**Q7_7.** 7. Неутрален/непристрасен
**Q7_8.** 8. Богат
**Q7_9.** 9. Застарен од социјалистички тип
**Q7_10.** 10. Бирократскi
**Q7_11.** 11. Им помага на оние со врски
**Q7_12.** 12. Транспарентен

---

**Q7_13.** 13. Ниедна од овие **(НЕ СЕ ЧИТА)**
**Q7_99.** 99. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q8. Според ваша оценка колку Црвениот крст на Република Македонија е неутрален (непристрасен) или пристрасен при пружањето помош во однос на етничката припадност на корисникот?**
**На скала од 1-5 каде 1 е означува "потполно пристрасен" а 5 означува "потполно неутрален (непристрасен)"**

| Потполно пристрасен | | | | Потполно непристрасен | Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |

**Q9. Според ваше мислење колку ефикасно Црвениот крст на Република Македонија ги употребува донациите наменети за помош на најзагрозените?**

1. Многу ефикасно
2. Делумно ефикасно
3. Делумно неефикасно
4. Потполно неефикасно
9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q10. Дали вие или вашето домаќинство некогаш сте дале некоја донација за Црвениот крст на Република Македонија?**

1. Да
2. Не

**АКО ОДГОВОРИЛ "Не" ПРАШАЈТЕ**

**Q11. Зошто? (САМО ЕДЕН ОДГОВОР)**

1. Не сум бил во состојба да подарам нешто
2. Никој не побарал од мене
3. Владата е таа која треба да ја помага работата на Црвениот крст
4. Не верувам дека она што би го подарил правилно би било искористено
8. Одбива да одговори **(НЕ СЕ ЧИТА)**
9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q12. Од колкава важност е Црвениот крст на Република Македонија да ги спроведе следните типови на помош:**
**ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД**

| | | Многу важно | Важно | Неважно | Крајно неважно | Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Q12_1** | Домашна нега на постари лица | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| **Q12_2** | Помош за млади | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| **Q12_3** | Обука за прва помош | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| **Q12_4** | Помош при елементарни непогоди | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| **Q12_5** | Барање на исчезнати лица | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| **Q12_6** | Помош на раселени лица | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| **Q12_7** | Ширење на Меѓународното хуманитарно право | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| **Q12_8** | Превенција во здравствена заштита | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| **Q12_9** | Психосоцијална помош | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| **Q12_10** | Мотивација на крводарители | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| **Q12_11** | Друго, запишете ____________________ | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |

**Q13. Дали вие или некој член од вашето домаќинство некогаш примил помош од Црвениот крст на Република Македонија?**

1. Да
2. Не
8. Одбива да одговори **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**ИСПИТАНИЦИТЕ КОИ ОДГОВОРИЛЕ “Да” ПРАШАЈТЕ ГИ**

**Q14. Како би го оцениле квалитетот на помошта што ја примивте од Црвениот крст на скала од 1-5 (каде 1 е “слаб” а 5 “одличен”) .**

| Слаб | | | | Одличен | Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |

**Q15. Дали би сакале да се вклучите во некои активности на Црвениот крст на Република Македонија како член или волонтер или пак воопшто не сакате да се вклучите?**

1. Како член
2. Како волонтер
3. Не сакам да се вклучам
4. Не сум размислувал за тоа **(НЕ СЕ ЧИТА)**
9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q16. Според вас, кои се главните извори на финасирање на Црвениот крст на Македонија? МОЖНИ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ**

**Q16_1.** 1. Владата
**Q16_2.** 2. Меѓународни донатори
**Q16_3.** 3. Локални донатори
**Q16_4.** 4. Општината
**Q16_5.** 5. Граѓаните
**Q16_6.** 6. Сопствени извори
**Q16_9.** 9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**Q17. Дали во последните три месеци сте слушнале/виделе нешто во врска со активностите на Црвениот крст на Република Македонија?**

1. Да
2. Не

**ИСПИТАНИЦИТЕ КОИ ОДГОВОРИЛЕ “Да” ПРАШАЈТЕ ГИ**

**Q18. Каде? (МОЖНИ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ)**

**Q18_1.** 1. На ТВ
**Q18_2.** 2. На радио
**Q18_3.** 3. Во дневниот печат
**Q18_4.** 4. Магазини
**Q18_5.** 5. Памфлети или брошури
**Q18_6.** 6. Слушнал од роднини или пријатели
**Q18_7.** 7. Теренски активности
**Q18_9.** 9. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

## ДЕМОГРАФИЈА

**D1. Пол:**

| | |
|---|---|
| 1 | Маж |
| 2 | Жена |

**D2. Која е Вашата возраст?** __ __

**D3. Образование?**

| | |
|---|---|
| 1 | Основно |
| 2 | Средно |
| 3 | Високо |

**D4. Националност?**

| | |
|---|---|
| 1 | Македонец |
| 2 | Албанец |
| 3 | Турчин |
| 4 | Ром |
| 5 | Србин |
| 6 | Бошњак |
| 7 | Влав |
| 8 | Друго |

**D5. Колку членови брои вашето домаќинство вклучувајќи ве и вас:** __ __

**D6. Работен статус:**

| | |
|---|---|
| 1 | Вработен |
| 2 | Невработен, стечаец, технолошки вишок |
| 3 | Пензионер |
| 4 | Домаќинка |
| 5 | Студент/ученик |
| 6 | Друго ______________ |

**D7. Дали вие или член на вашето домаќинство прима(л) социјална помош?**

| | |
|---|---|
| 1. | Да, сега примаме |
| 2. | Не, но примавме порано |
| 3. | Не, никогаш не сме примале |
| 8. | Одбива да одговори **(НЕ СЕ ЧИТА)** |
| 9. | Не знае **(НЕ СЕ ЧИТА)** |

**D8. Отприлика, колкави се вашите семејни (во домаќинството) просечни месечни приходи (што ги заработуваат сите членови во домаќинството)?**

01. 0 - 3,000 ден.
02. 3,001 - 6,000 ден.
03. 6,001 - 9,000 ден.
04. 9,001 - 12,000 ден.
05. 12,001 - 15,000 ден
06. 15,001 - 18,000 ден
07. 18,001 - 21,000 ден
08. 21,001 - 24,000 ден
09. 24,001 - 27,000 ден
10. 27,001 - 30,000 ден
11. 30,001 - 45,000 ден
12. 45,001 + ден
13. Одбива да одговори **(НЕ СЕ ЧИТА)**
14. Не знам **(НЕ СЕ ЧИТА)**

**D9. Дали би сакале да учествувате во друго наше истражување во текот на оваа година?**

| | |
|---|---|
| 1 | Да |
| 2 | Не |

**D10. Населено место**

| | |
|---|---|
| 1 | Село |
| 2 | Град |

**"Потврдувам дека ја спроведов анкетата придржувајќи се на инструкциите дадени во БРИМА"**

**Име и презиме:** ___________________

**Потпис:**______________
**Дата:**

**D11.** ШИФРА НА КОДЕР ___ ___

АНАЛИЗА

## Испитување на јавното мислење за работата на Црвениот Крст на Македонија

Анализата се базира на основа на податоци добиени со телефонска анкета, спроведена на национално репрезентативен примерок со кој се опфатени 814 испитаници на возраст 18+. Маргиналната грешка изнесува +/- 3.4%. Анкетата е спроведена од 17ти - 20ти Ноември 2006.

## 1. Свесност за хуманитарните организации во Република Македонија

### 1.1 Спонтана свесност за хуманитарните организации во РМ

- На ниво на вкупен примерок кај повеќе од 1/2 од анкетираните (55%) не постои спонтана свесност за хуманитарните организации во РМ, а 45% од испитаниците спонтано спомнале некоја хуманитарна организација (во понатамошен текст ХО).

Образованието е фактор што влијае на степенот на спонтана свесност за ХО во РМ. 72% од испитаниците со ниво на образование до основно не наведуваат ниту една ХО, наспроти 32% со високо образование.

Кај мажите постои поголема спонтана свесност за ХО (50% од испитаниците од машки пол спомнале најмалку една ХО, наспроти 40% кај испитаниците од женски пол).

Кај помладите испитаници постои поголема свесност за ХО (66% од испитаниците на возраст 18-24 спомнале најмалку една ХО, наспроти 24% кај испитаниците постари од 65 години).

Најмала спонтана свесност за ХО во РМ постои кај жени домаќинки (68% од нив не наведуваат ниту една ХО) и кај пензионерите (66%), наспроти 29% од студентите/учениците.

Најмала спонтана свесност за ХО во РМ постои кај испитаниците со подпросечни (3000-9000 ден) семејни приходи (65% од нив не наведуваат ниту една ХО ) и кај социјално загрозените (семејни приходи до 3000 ден.) испитаници (62%), наспроти 35% кај “богатите” испитаници (семејни приходи над 27000 ден.).

Во Кумановскиот регион постои најголема спонтана свесност за ХО (57% од испитаниците спомнале барем една ХО), на второ место е Скопскиот со 53%, на трето Полошкиот со 48%, а најмала е во Повардарскиот регион (32%).
Кај испитаниците од рурална средина постои помала свесност за ХО од испитаниците од урбана средина - 38 % во село наспроти 51% во град.

Рејтингот на поединечните ХО помеѓу испитаниците кај кои постои спонтана свесност за ХО во Република Македонија е слениот:

- На прво место е Црвениот Крст на Македонија, спонтано го наведуваат 44%;
- На второ место е Ел Хилал, спонтано го наведуваат 28%;
- На трето место е Класје на добрината, 12%
- На четврто место е Црвената полумесечина, 5%
- На петто место е Мајка Тереза, 5%.

Сите останати ХО имаат рејтинг помал од 4%.

**Табела 1**

***Рејтингот на ХО помеѓу граѓаните кои спонтано наведуваат одредена ХО***

*(ИСПИТАНИЦИТЕ МОЖАТ ДА НАВЕДАТ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ ):*

| **Кои хуманитарни организации ги знаете во Македонија?** | % |
|---|---|
| Црвен Крст на Македонија | 44 |
| Ел Хилал | 27 |
| Калири и Мерсис | 12 |
| Црвена Полумсецина | 5 |
| Мајка Тереза | 5 |
| УНИЦЕФ | 4 |
| Детска амбасада-Мегаси | 4 |
| УНЦХР | 3 |
| Актив на Зени | 3 |
| Самаријанин | 3 |
| Даре Дзамбаз | 2 |
| Ромска хуманитарна организација | 2 |
| Здрузение на хендикепирани | 2 |
| Благовестие | 2 |
| УНЕСКО | 2 |
| Каритас | 1 |
| Добро дело-Бамерисиа | 1 |
| УНДП | 1 |
| Јета | 1 |
| Сонце Тетово | 1 |
| Мајка Куманово | 1 |
| УСАИД | 1 |
| Сорос | 1 |
| СОС | 1 |
| Други | 27 |
| Тотал | 155 |

## 1.2 Потпомогнато (промптно) познавање на ЦКМ

На прашањето “Дали сте слушнале за ЦКМ” многу голем дел (93%) од испитаниците кои спонтано не го спомнале ЦКМ одговориле потврдно, а 7% одговориле дека не слушнале за ЦКМ.

Процентот на оние испитаници кои што на било кој начин (спонтано или промптно) го спомнале ЦК на РМ изнесува 94% од вкупниот број на испитаници во истражувањето.

**График 1**

***ЦКМ-спонтано и промптно знаење за ЦКМ-вкупно познавање на ЦКМ***




## 1.3 Социодемографски профил на сегментот на јавноста која не слушнала за ЦК на РМ

Иако процентот на оние кои што не слушнале за ЦКМ е мал анализата на демографските карактеристики на оваа група на луѓе е релевантен за формирање целосна слика за факторите кои ја детерминираат вкупната свесност на граѓаните за ЦКМ.

Анализата на социодемографскиот профил на сегментот од јавноста (6%) кој нема сознанија за ЦКМ покажува дека тој главно е лоциран во неколку социјални сегменти и неговата распределеност во јавноста има специфичен социјален профил.Анализата на резултатите покажуваат дека:

Од сите оние испитаници што одговориле дека не слушнале за ЦКМ скоро половина од нив (45%) се луѓе на возраст 55+, а само 2% се на возраст 18-24 год.

90% од нив се со основно образование, 10% со средно, а сите испитаници со високо образование изјавиле дека слушнале за ЦКМ.

Разлика постои и во однос на етничката припадност на овој дел од испитаниците. Речиси двојно е поголем бројот на испитаници од Албанско етничко потекло (65%) од оние што припаѓаат на сите други етнички групи заедно (35%) што никогаш не слушнале за ЦКМ.

45% од нив се лица кои што живеат во домаќинства со 6+ членови.

Повеќе од 1/2 (53%) се жени домаќинки , а околу 1/4 (27%) се пезионери.

82% од овие испитаници изјавиле дека никогаш не примале социјална помош.

Во однос на припадноста на овие луѓе во одредени социјални слоеви анализата покажува дека 58% припаѓаат на група на луѓе со семејни месечни приходи до 9000 ден.

77% од нив живее во рурална средина, наспроти 23% кои што живеат во урбана средина.

Сето ова укажува дека во оваа група на луѓе доминираат граѓани кои се во поголем степен социјално неактивни т.е. се изразито помалку и поретко вклучени во тековниот јавен општествен живот-(жени домаќинки или пензионери, од рурална средина) со низок степен на образование, претежно од албанска етничка припадност.

НАПОМЕНА: Во следниот дел од анализата под поимот испитаници се подразбираат оние кои што на било кој начин (спонтано или промптно) го спомнале ЦК на РМ и опфаќа 94% од сите анкетирани.

## 2. Мислење за ЦК на РМ

2/3 од испитаниците кои го препознаваат ЦК на РМ (68%) имаат позитивно мислење за ЦК на РМ, 20% имаат неутрално, а 7% имаат негативно мислење.

### График 2

***Какво е Вашето мислење за Црвениот Крст на Република Македонија?***




Позитивното мислење е најизразено кај возрасните групи 18-24 год. (74% од оваа група го делат ова мислење) и 65+ год. (72%), додека негативното мислење е најизразено кај испитаниците на возраст 45-54 год. (12% од испитаниците што припаѓаат на оваа група) и 9% од испитаниците од групата 55-64 год.

Испитаниците со средно и високо образование се по критички расположени спрема ЦК на РМ во однос на оние со основно обазование т.е. 7% од оние со средно и 10% од оние со високо, наспроти 4% од оние со образование до основно изјавиле дека имаат негативно мислење за него.

Нема статистички значајна разлика во однос на националната припадност на испитаниците со негативно мислење.

Во однос на работниот статус на оние испитаници кои имаат негативно мислење за ЦК највисоки се процентите кај оние анкетирани кои што се невработени, стечајци, технолошки вишок (8% од нив) и кај пезионерите (10% од нив).
ЦК на РМ има позитивен имиџ кај доминантниот дел од популацијата,во просек двајца од тројца анкетирани што го препознаваат ЦК.Наспроти тоа изразито помал број анкетирани, во просек кај еден од 14 анкетирани ЦК е со негативен имиџ.

## 3. Прва асоцијација за ЦК на РМ

Општо земено асоцијациите на испитаниците со ЦК на РМ се многу позитивни. На прашањето "Која е првата работа што ви доаѓа на ум кога ќе слушнете ЦК на РМ" во најголем број случаи (44%од испитаниците) ЦК на РМ го асоцираат со помош, 13 % со хуманитарна орранизација, 6% со крводарителство. 2% од испитаниците изјавиле дека кога ке слушнат ЦК на РМ првата работа што им доаѓа на ум е да донираат, да дадат помош, облека, пари., 1 % ги асоцира на нешто добро.

И покрај тоа што преовладуваат позитивни асоцијации, мора да се спомене дека 20% не знаат со што би го поврзале ЦК на РМ.

- Најчесто (63%) од испитаниците од албанска етничка припадност не знаат со што би го поврзале ЦК на РМ.

- потоа 43% од домаќинките одговориле со "Не знам".

- и 37% од испитаниците со основно образование исто така не знаат.

Во однос на социјалните слоеви процентот на "Не знам" одговорите линеарно опаѓа од 26% кај социјално загрозените (со семејни приходи до 3000 ден.) до 9% кај "богатите" (со семејни приходи над 27000 ден.).

Интересно е да се спомене дека 3% од испитаниците ЦК на РМ го асоцираат со корупција или други негативни асоцијации. Ако се погледнат демографските карактеристики на овој дел од испитаниците во истражувањето се доаѓа до следново:

- Скоро сите (91%) од нив се од македонска етничка припадност.

- Нешто повеќе од 1/2 од нив се со средно, а 1/3 со повисоко образование.

- 29% од нив се со просечни месечни приходи (9000-18000 ден.)

- 5% од испитаниците од Скопкиот регион ја имаат оваа асоцијација.

- 4% од повозрасните испитаници (35+ год.) и 2% од помладите го асоцираат ЦК на РМ со корупција или други негативни асоцијации.

## 4. Основни активности на ЦК на РМ

Од сите активности на ЦК на РМ најчесто наведена е хуманитарната помош (90% од испитаниците), потоа 62%од нив ги спомнале превентивните програми за ЗЗ (крводарителство и прва помош), а 50% од нив спомнале програми за подготвеност и дејствување во случај на катастрофи.

Генерално земено, испитаниците од албанска етничка припадност во помал процент ги познаваат основните активности на ЦК на РМ. Имено, 15% од испитаниците

етнички Албанци не препознале ниту една од основите активности на ЦК на РМ наспроти 2% од испитаниците припадници на останатите етнички групи.

Процентот на препознавање на активностите на ЦК на РМ линеарно расте во зависност од образованието на испитаниците.

Постои тенденција домаќинките во помал процент да ги познаваат активностите на ЦК на РМ.

## 5. На кои луѓе ЦК на РМ најмногу им помага

Според 2/3 од испитаниците (65%) социјалните случаи се групата луѓе на која ЦК на РМ најмногу им помага, 50% ги навеле сирачињата и самохраните мајки, 46% ги навеле бегалците и раселените лица и жртви на природни катастрофи, а 45% изјавиле дека тоа се хендикепираните лица.

И овде не познавањето на групите на луѓе на кои ЦК на РМ им помага има етнички предзнак т.е. 19% од испитаниците етнички Албанци одговориле со “Не знам” наспроти 2% кај испитаниците етнички Македонци.

Во однос на региони единствено Полошкиот регион отскокнува со 15% од испитаниците кои што не навеле ниту една група на луѓе на кои ЦК им помага.

## 6. Имиџот на ЦК на РМ формиран врз основа на преференција на атрибутите поврзани со ЦКМ

Во контекст на позитивниот имиџ на ЦК на РМ кај повеќето од испитаниците и тука доминира преференцијата на позитивните атрибути поврзани со работата на ЦКМ. Речиси 2/3 (64%) од нив го препознаваат ЦК на РМ како хуманитарен, 29% како независен, 25% како чесен, 17% како неутрален.

### График 3

***Кои работи ги поврзувате (Ве асоцираат) со ЦКМ?***




Но секако треба да се спомене и дека само 15% го сметаат за ефикасен, 6% за транспарентен, 16% од испитаниците сметаат дека им тој им помага на луѓето со врски и 11% сметаат дека ЦК е од застарен социјалистички тип.

Овој релативно мал број на граѓани кои оценуваат дека ЦК е ефикасен може да се објасни со некои од наодите во фокус групите спроведени во Тетово и Скопје како дел од ова истражување. Перцепцијата на граѓаните за ефикасноста на ЦК може да се разгледува од неколку аспекти. Дел од учесниците во фокус групите истакнуваат дека причините за помала ефикасност на ЦК ги согледуваат во недостатокот на средства за реализирање на проекти (Учесник во фокус група: *Јас мислам дека како прво средствата кои што ги добиваат се мизерни, во однос на проектите кои што они би сакале да ги добиваат. Мислам дека се ревносни луѓе, заслужни за почит и мислам дека се доста ефикасни со оглед на средствата со кои што располагаат.*)

Друг аспект е недостатокот од информации за активностите на ЦК преку средствата за јавно информирање (медиумите). (Учесник во фокус група: *Е сега каде е тој македонски проблем. Да има, не дај боже да фалат лекарства или храна во заводот, еве да речеме во Демир Хисар што беше, тоа ќе се врти по медиумите три пати дневно на сите медиуми. А било која акција на Црвениот Крст во заводот нема да се покрие. Значи едноставно не е интересно, не продава. Збориме вести или дневни весници. Мислам дека затоа не знаеме медиумски за нив. Мислам дека за медиумите не се интересни.*)

Граѓаните го перцепираат ЦК како пасивен во однос на регрутирањето на нови членови и волонтери. Ваквата перцепција ја илустрира изнесеното мислење на еден од учесниците во фокус групите. (*Не гледам по телевизии или по штампа дека нешто се пишува, дека они бараат волонтери, дека бараат сретства, дека нешто се прави. Мислам, тука и нивната вина е дека не изразуваат некој интерес за да ја подобрат нивната положба како организација.)*

Нискиот процент (5%) на респонденти кои одговориле дека ја поврзуваат (асоцираат) транспарентноста со ЦК на РМ оние 16 % од нив кои сметаат дека тој им помага на луѓето со врски може да се објасни со општата ерозија на довербата во работата и транспарентноста на многу јавни и приватни институции, вклучувајќи ги и невладините и хуманитарните организации (наоди од фокус групи).

Околу 1/3 од испитаниците етнички Албанци и од жените домаќинки.одговориле дека не знаат со што би го асоцирале ЦК на РМ, а истиот одговор го дале и 15% од студентите/учениците.

## 7. Колку ЦК на РМ е пристрасен/непристрасен при пружање помош во однос на етничката припадност на корисникот

Пристрасноста/непристрасноста на ЦК на РМ е испитувана со 5то степена мерна скала каде што 1= Потполно пристрасен, 3= Ниту пристрасен , ниту непристрасен и 5= Потполно пристрасен. Просечната вредност на одговорите е 3.72 што значи дека е над неутралниот став. Тоа значи дека голем дел од испитаниците (48%) ЦК го оцениле како непристрасен. Секој четврти (27%) оценил дека ЦК не е ниту пристрасен, ниту непристрасен, 13% оцениле дека е пристрасен, а 12% не можеле да дадат своја оценка.

**График 4**

***Колку ЦК на РМ е непристрасен или пристрасен при пружање помош во однос на етничкта припадност на корисникот?***




Просечната вредност гледано во однос на етничката припадност на испитаниците е нешто повисока кај испитаниците од македонска (3.80) и останата етничка припадност (3.98) во споредба со испитаниците од албанска етничка припадност (3.19), но како што предходно е нагласено сите оценки тендираат во правец на непристрасност.

## 8. Ефикасноста на ЦК на РМ при употреба на донациите за помош на најзагрозените

Околу 2/3 од испитаниците сметаат дека ЦК на РМ ефикасно ги употребува донациите наменети за помош на најзагрозените.

## 9. Донации за ЦК на РМ

Ако се земе во предвид високиот процент (59%) на испитаници кои некогаш донирале нешто во ЦК на РМ и ако се погледнат причините што ги наведуваат оние што не донирале, може да се каже дека постои висок степен на доверба во ЦК за правилно искористување на донациите од граѓаните (причините кај околу 2/3 од тие што не донирале се дека не биле во состојба да подарат нешто или никој не побарал од нив).

Само 2% од нив сметаат дека Владата е таа која треба да ја помага работата на ЦК на РМ.

Процентот на испитаници кои донирале линеарно расте од социјално загрозените до “богатите”.

Испитаниците од градска средина во поголем процент донирале одошто оние од селска средина.

## 10. Важност за спроведување на одредни типови помош од страна на ЦК на РМ

Со анализа на одговорите “Многу важно” се доаѓа до следната листа на приоритети при спроведувањето на помош од страна ЦК:

- на прво место е мотивацијата на крводарители (65%);
- на второ место е помош при елементарните непогоди (61%);
- на трето место е домашна нега на постари лица (51%);
- на четврто е помош на раселени лица (47%);
- на петто место е барање на исчезнати лица (46%);
- шеста по важност (43%) е превенцијата во здравствената заштита;
- седма е обука за прва помош (38%);
- помошта за млади е на осмо место (34%);
- на деветто место е психосоцијалната помош (32%);
- и на десетто место по важност е ширење на меѓународното хуманитарно право (25%)

Првите 2 типа на помош (крводарителство и помош при елементарни непогоди) беа многу често споменати и од страна на учесниците во фокус групите (а исто така беа и едни од првите асоцијации со името ЦК на РМ).

Ниските проценти на одговорите “Не знам” потврдуваат висок степен на свесност на испитаниците за нивните приоритети за одредени типови на помош пружени од страна на ЦК на РМ.

## 11. Колку од анкетитраните примиле помош од ЦК и нивна оценка за помошта

Околу 9% од испитаниците изјавиле дека некогаш примиле помош во нивното домаќинство од ЦК на РМ.

Процентот на испитаници кои се невработени, стечајци, луѓе прогласени за технолошки вишок и пензионери кои некогаш примиле помош од ЦК е повисок во однос на другите.

Гледано по етничка припадност на респодентите, 10% од оние со македонска етничка припадност изјавиле дека било кој член од нивното домаќинство некогаш примил помош од ЦК, 7% од оние со албанска и 3.7% оние со припадност на останатите етнички групи.

Анализата на социјалната припадност на семејствата кои примиле помош од ЦКМ покажува дека 12% од испитаниците кои припаѓаат на социјално загрозени домаќинства (приходи до 3000ден.) изјавиле дека било кој член на нивното домаќинство некогаш примил помош од ЦК, 10% од испитаниците од подпросечните домаќинства (приходи 3000-9000 ден.), по 8% од оние со просечни (9000-18000 ден.) и надпросечни семејни приходи (18000-27000ден.), а 6% од оние со приходи над 27000 ден (При анализа на ова прашање мора да се земе во предвид дека прашањето гласи “Дали Вие или член од вашето домаќинство *некоīаш* примил помош од ЦК на РМ”, а истовремено и дека социоекономската положба на испитаниците е променлива категорија.)

Дополнителната анализа на структура на социјалната припадност на групата анкетирани кои изјавиле дека некогаш примиле помош од ЦКМ покажува дека од сите оние кои примиле помош припаѓаат на социјално загрозени и семејства со подпросечни примања (38%), 29% се припадници на семејствата со просечни примања,14% одбиваат да одговорат во која група спаѓа нивното семејство.Важно е во овој дел од анализата е да се укаже на тоа дека од оние 29% семејства со просечни примања што примиле пмош се семејства со 4 и повеќе члена во семејството.

Со зголемување на степенот на образование на испитаниците се намалува процентот на оние што кажале дека некогаш примиле помош од ЦК во нивното домаќинство.

Во Охридски, Полошки и Повардарски регион има најмалку испитаници кои одговориле потврдно.

Оценувањето на помошта од страна на оние испитаниците што примиле помош во домаќинството од ЦК е на 5то степена скала каде што 1= Слаб, 3 = Добар и 5 = Одличен. Просечната вредност на одговорите е 3.73 што укажува на голем степен задоволство на примателите на таа помош и соодветно дадените високи оцени.

**График 5**

***Како би го оцениле квалитетот на помошта што ја примивте од ЦК на скала од 1-5?***




## 12. Подготвеност на граѓаните на Р.Македонија за вклучување во активностите на ЦК

Секој 10 ти испитаник (10%) би сакал да се вклучи во активностите на ЦК како член.

1/4 од анкетираните (24%) би се вклучиле како волонтери, а отприлика исто толку (26%) не би се вклучиле на ниту еден начин.

Нешто помалку од 1/3 од анкетираните (29%) изјавиле дека не размислувале за тоа.

**График 6**

***Дали би сакале да се вклучите во активности на ЦК на РМ како член или волонтер или не сакате да се вклучите?***



Постои статистички значајна разлика во однос на полот на испитаниците кои што сакаат да се вклучат во активностите на ЦК т.е. и во двата начини на вклучување доминираат испитаници од машки пол- речиси 30% повеќе мажи одколку жени би станале членови на ЦК, а речиси двојно повеќе мажи во однос на жени ви станале волонтери на ЦК. За сметка на тоа пак повеќе од 1/3 жени испитаници изјавиле дека никогаш не размислувале за тоа.

Пензионерите и особено домаќинките се најмалку подготвени да се вклучат во активностите на ЦК било како членови или волонтери.
36% од пензионерите децидно изјавиле дека не сакаат да се вклучат.
44% од домаќинките воопшто не размислувала за тоа.

41% од испитаниците од македонска етничка припадност се изјасниле дека би се вклучиле, но кај нив е највисок и процентот на они кои децидно се изјасниле дека не сакаат да се вклучат (30% од нив).
За разлика од нив, 21% од испитаниците од албанска етничка припадност би се вклучиле, само 7% се оние кои децицно се изјасниле дека не сакаат да се вклучат. 72% никогаш не размислувале за тоа или не знаат.

## 13. Перцепција на испитаниците за изворите на финансирање на ЦК на РМ

Околу 1/2 од испитаниците ги спомнале меѓународните донатори како главен извор на финансирање на ЦК на РМ. 60% од оние со македонска етничка припадност го делат ова мислење.
Околу 1/3 сметаат дека се тоа граѓаните а исто толку ја спомнале Владата.
1/5 од анкетираните не знаат ништо околу финансирањето на ЦК. Има значајна разлика во однос на етничката припадност на овие испитаници. Дури 55% од оние што припаѓаат на етничките албанци не знаат ниту еден извор на финансирање на ЦК.

Информираноста за изворите на финансирање на ЦК зависи и од степенот на образование. Поточно, 36% од оние со образование до основно не знаат да наведат ниту еден извор, наспроти 16% од граѓаните со средно и исто толку од оние со повисоко образование.

Кај жените домаќинки има висок процент на одговори “Не знам”- 44% од нив го даваат овој одговор, а истиот одговор го даваат 1/3 од испитаниците што живеат во рурална средина и нешто повеќе од 1/3 од испитаниците од Полошкиот регион. Најмал процент на одговори “Не знам” е во Повардарскиот регион (6%).

**14. Перцепција на испитаниците за присутноста на ЦК на РМ во последните 3 месеци**

Постои навистина низок степен на информираност за активностите на ЦК на РМ помеѓу учесниците во ова истражување- 20% од нив виделе/слушнале нешто за ова преку различни извори на информирање.

Овој низок процент на информираност на испитаниците за активностите на ЦК од било кој извор на иформирање (вклучувајќи ги и нивните теренски активности) може да укажува на (1) ниска медиумска застапеност на информациите за активностите на ЦК воопшто и/или (2) низок степен на перцепција на истите од страна на анкетираните (граѓаните).

Телевизијата е најчесто споменат медиум од кој што се информирале оние граѓани што воопшто нешто виделе/слушнале за активностите на ЦК во последните 3 месеци.

Гледано во однос на етничката припадност најмала информираност постои кај етничките Албанци (само 3% од нив).

Најголема информираност постои кај испитаниците од градска средина и тоа пензионери (лица постари од 65 год.). Спротивно од нив најнизок степен на информираност е кај домаќинките.

Гледано по региони најнизок степен на информираност е во Полошкиот (10%), а највисок во Брегалничкиот регион (33%).

**ЦРВЕН КРСТ на Р.МАКЕДОНИЈА**

Фокус Групи

КВАЛИТАТИВНА СТУДИЈА

***Скопје***

**Ноември, Декември 2006**

## *Извештај од Фокус групите*

### ВОВЕД

По барање на Црвен крст на Р. Македонија, агенцијата за истражување на јавното мислење, медиуми и маркетинг Брима-Македонски член на Gallup International и Associate of Taylor Nelson Sofres, спроведе две фокус групи на кои се дискутираше за Црвениот крст на Р.Македонија. Групите беа оддржани во Тетово и Скопје на 23и 24 Ноември 2006;двете со мешан етнички состав.

### Состав на групите и нивна регрутација

Брима ги селектираше учесниците во фокус групите според барањата на ЦК на РМ, и во секоја група беа застапени учесници различни во однос на возраста, пол, социјален статус, етничка припадност. И во двете групи имаше (поранешни) корисници на помош од ЦК.

| **Број на група** | **Група 1 23.11.2006** | **Група 2 24.11.2006** |
|---|---|---|
| **Националност** | Различна | Различна |
| **Место каде се одржала** | Тетово | Скопје |
| **Пол** | Мешан состав | Мешан состав |
| **Возраст** | 18+ | 18+ |
| **Образование** | Студенти, ССС или ВСС | Студенти, ССС или ВСС |

Во фокус групите вкупно учествуваа **18** учесници, по 9 од нив во Тетово и Скопје. Во двете групи имаше по 3 претставници од албанската етничка припадност и по 6 од македонци и останати етничка припадност.

Групната дискусија на групите во просек траеше приближно 90 минути.

Групите беа модерирани од Владимир Поп-Николов од Брима. Групите беа оддржани во просториите на Брима во Тетово и Скопје.

Бидејќи извештајот за фокус групите ги претставува резултатите на квалитативна студија каде учесниците беа замолени да дадат специфични коментари во однос на нивната перцепција за ЦК на РМ, резултатите треба да бидат земени како индикатор на гледиштата и однесувањето само на овие учесници, и не треба безусловно да се прифатат како репрезентативни за гледиштето на сите граѓани на Македонија. Податоците од фокус групите претставуваат основа за продлабочена анализа на интересите, мотивите, сфаќањата, перцепциите и ставовите на учесниците во фокус групите.

***Опис на истражувањето:***

***Основната цел*** да се соберат информации за ставовите и мислењето на учесниците за Црвениот Крст на Р.Македонија.

***Конкретни цели***:

- Да се истражи свесноста и познавањето на испитаниците за хуманитарните организации во РМ
- Да се истражи свесноста и познавањето (спонтано и промптно) на испитаниците за Црвениот Крст на РМ
- Да се истражат асоцијациите за ЦК на РМ
- Да се истражи познавањето на основните програми на ЦК на РМ
- Да се истражи перцепцијата на учесниците за имиџот на ЦК преку истражување на :
  - перцепцијата за пристрасност/ непристрасност при пружање помош во однос на етничка, политичка, верска припадност на корисникот на помошта;
  - перцепцијата за ефикасност на ЦК на РМ при употреба на донациите наменети за помош на најзагрозените/ подготвеност на учесниците за донирање во ЦК
  - свесност на учесниците за типови на помош важни за спроведување од страна на ЦК на РМ;
  - перцепција за финансирањето на ЦК на РМ;
- Да се истражи перцепцијата на помошта донирана од ЦК
- Да се истражат асоцијации за ЦК преку негова персонификација

## I. СВЕСНОСТ И ПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ЗА ХУМАНИТАРНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

За испитување на свесноста и познавањето на хуманитарните организации кои работат/работеле во Р.Македонија на почетокот на групите учесниците даваа спонтани одговори запишувајќи ги на лист хартија оние ХО кои тие ги познаваат, со цел да се увиди поединечната запознаеност за секоја од нив. Општиот впечаток добиен од групите е дека постои висока свесност и познавање на ХО (сите испитаници спонтано одговорија и наброија од 1-12 хуманитарни организации кои според нив функционираат/ функционирале во Македонија, најчесто од 2 до 4 ХО секој од нив). Но секако е потребно да се земе во предвид и тоа дека сите учесници уште при нивната регрутација (3-4 дена пред спроведувањето на групите) беа известени дека тема на дискусијата ќе биде работата на хуманитарните организации во Македонија, што можело да влијае спонтано да се јават богати асоцијации поврзани со темата на истражувањето. Самиот чин на регрутација спонтано ја активира латентната свесност поврзана со прашањата и со темата хуманитарни

организации во Македонија. Овие околности допринесуваат за продуктивна дискусија во групите.

Учесниците спонтано спомнаа 27 различни хуманитарни организации кои според нив функционираат/ле во Македонија: Црвен Крст, Црвена полумесечина, Ел Хилал, USAID, UNHCR, Меѓународен комитет на Црвениот Крст, Класје на добрината, Крик, Care, Mercy Corps, Животна искра, ХО за хендикепирани лица, Благовестие, UNDP, UNFP, WHO, UNICEF, ARC, Caritas, Solidarite, Меѓаши, Conrad Adenauer, Јета, Црвен Крст- Швајцарија, Christian Aid, Градски Црвен Крст и Шелтер Центар.

## II. СВЕСНОСТ И ПОЗНАВАЊЕ ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА Р.МАКЕДОНИЈА

Од сите ХО кои учесниците ги наведоа најчесто спонтано споменат беше Црвениот Крст на РМ, а по него следуваа USAID и Ел Хилал. Од сите 18 учесници во групите, 5-мина спонтано не го наведоа ЦК на РМ, но секој од нив го препозна ЦК како хуманитарна организација која постои и функционира во РМ откако модераторот ги запраша дали слушнале за неговото постоење.

## III. АСОЦИЈАЦИИ И СТАВОВИ ВО ОДНОС НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА Р.МАКЕДОНИЈА

Генерално земено, постои јасно и изразено позитивно мислење за ЦК кај учесниците во групите со забележливо присуство на емотивна поврзаност со оваа хуманитарна организација. Фактот дека станува збор за една од најстарите постоечки и сеуште активни хуманитарни организации во Македонија која учесниците ја доживуваат како своја, домашна, со традиција, потврдена и докажана со својата досегашна работа и активност, побудува кај сите учесници позитивни асоцијации и чувства со самото спомнување на нејзиното име.

*"Имам позитивно мислење. Мислам 60 години нели се на сцена, ваљда направиле нешто за да опстанат толку многу"*

*"Сметам дека Црвениот Крст на Р.М. со својата долготрајна историја, некаде од 60тина години на живеење, на опстојување на овие наши простори покажа, потврди со сите свои досегашни манифестации дека е општествено-хуманитарна организација која е носител на извонредно богати активности и во периодите на различните политички системи во Македонија. Да речеме дека Црвениот Крст извонредно се има покажано во времето на земјотресот во Скопје, поплавата поголема што беше во Скопје, другите поплави кои што настануваа во Р.Македонија, а во поново време тој е носител на многу значајни активности поттикнати од многу повеќе мотиви, од причини кои што современиот свет и современите движења во Р.Македонија ги диктираат, така да сметам дека неговата основа е токму на темелите што се удрени од Анри Динан, со тоа што низ работата на Црвениот Крст на Р.М. излегоа повеќе видни личности кои носат огромни заслуги за неговите активности."*

*"Тоа е навистина хуманитарна организација број еден за која јас се сеќавам уште како дете и во која што сме членувале или сме имале детска организација на Црвениот Крст, што*

*значи дека отсекогаш Црвениот Крст бил исклучиво хуманитарна организација којашто е спремна, иако Ќе кажам дека според можностите и дадените моменти дека е спремна секогаш, во секоја ситуација да помогне на било кој начин, дали Ќе биде тоа на личности, на луЃе коишто еве да речеме дури и егзодусот на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, исклучиво Црвениот Крст подоцна, раселени насекаде по земјите во светот успеал да ги соедини браќа, сестри, мајка, татко со своите деца и т.н."*

Најчестите асоцијации кои учесниците ги наведуваат за ЦК на РМ се:

- помош (кога е најпотребна, при криза, елементарни непогоди, сиромаштија)
- крводарителство
- хуманост
- детство (акции на ЦК преземени во нивното детство)
- 17ти Март, денот на ЦК

*"Помош кога ти е најпотребно. Баш у криза и тоа најпотребно. Црвениот Крст уште од мал најмногу сум го слушал така да тоа прво ми доаѓа. Крводарителство исто, затоа што татко ми дарувал крв"*

*"Криза, земјотрес. Да речеме, мислам дека имаше и накои активности во Ромската населба таму, за сиромаштијата нешто даваат и таму."*

*"Јас три работи ги паметам од своето најрано детство, ја паметам мојата прва учителка, го паметам зборот пионер и го паметам Црвен Крст"*

*"17ти март, и одбележувањето пред телевизија кога гледаме."*

*"На мене прво што ми паѓа на памет е како хуманитарна организација, помош на деца, ученици, во училишта па и во некои семејства."*

Овие позитивни асоцијации и ставови кај дел од учесниците се проследни со нивните впечатоци за извесна пасивност, неекспонираност која можеби е резултат на:

(1) неприсутноста, незастапеноста на ЦК (неговите активности) во медиумите;

(2) постоењето на многу други ХО и разни невладини организации кои според учесниците располагаат со поголеми буџети и следствено на тоа се поприсутни на "теренот";

(3) перцепција за постоење на недостаток на финансиски средства во работата на ЦК ;

(4) перцепција за помал број на активности на ЦК во однос на минатото и/или

(5) впечаток дека ЦК е секогаш активен за време на кризи или непогоди (од било кој тип), но одсуствува ажурност,континуираност и перманентност во неговото работење.

*"Не дај боже да фалат лекарства или храна во заводот, еве да речеме во Демир Хисар што беше, тоа ќе се врти по медиумите три пати дневно на сите медиуми. А било која акција на Црвениот Крст во заводот нема да се покрие. Значи едноставно не е интересно, не продава. Збориме вести или дневни весници. Мислам дека затоа не знаеме медиумски за нив. Мислам дека за медиумите не се интересни."*

*“Не гледам по телевизии или по штампа дека нешто се пишува, дека они бараат волонтери, дека бараат сретства, дека нешто се прави. Мислам, тука и нивната вина е дека не изразуваат некој интерес за да ја подобрат нивната положба како организација.”*

*“Нема перманентна активност. Значи само во моменти на кризи, а не перманентно. Јас се слагам со тоа, дека Црвениот Крст би требало да има перманентна активност. Порано кога бев помлад, многу повеќе се слушаше за Црвениот Крст, сега дали овие новите хуманитарни, милион што излегоа го загушија Црвениот Крст или јас незнам каде е проблемот, но многу помалку се слуша. Порано беше Црвен Крст број еден, нема друго ништо. Сега има многу други хуманитарни.”*

*“Јас мислам дека како прво средствата кои што ги добиваат се мизерни, во однос на проектите кои што они би сакале да ги добиваат.”*

Сепак јасното и недвосмислено позитивно мислење и став на учесниците во однос на ЦК на РМ претставува основа и отвара широк простор за збогатување на активностите на оваа организација што може да резултира со потенцирање на позитивните ставови и зголемување на поддршката од страна на граѓаните.

## IV. ПОЗНАВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПРОГРАМИ НА ЦК НА РМ

Познавањето на основните програми на ЦК на РМ се базира на претпоставки и заклучоци донесени врз основа на досегашните активности на оваа ХО. Овие заклучоци се изведени од искуство или се од хипотетичен карактер. Како програми на ЦК кои учесниците ги наведуваат се следните:

- крводарителство
- грижа за стари, болни
- грижа за деца без родители
- едукација (за ХИВ/ СИДА и др. сексуално преносливи болести, наркоманија, прва помош и заштита)
- помош при елементарни непогоди (земјотреси, поплави)
- помош на раселени лица
- собирање и доставување до корисниците на помош во вид на храна, алишта, лекови
- организирање на хуманитарни концерти

